## КАКО ДА ПОСТАПИТЕ ВО СЛУЧАЈ ДА НАЈДЕТЕ МАМКА?

**НЕ ДОПИРАЈТЕ ЈА МАМКАТА!**

Доколку најдете мамка која треба да ја отстраните (мамка најдена во двор или на места каде што постои ризик да биде допрена или фатена од деца...):

- земете ја мамката со стапче, ракавица или пластично ќесе; и



- однесете ја мамката кај ветеринар или во полициска станица или
- однесете ја и оставете ја мамката во помалку населена област и вон дофат на луѓе.

**ВО СЛУЧАЈ НА РИЗИЧЕН КОНТАКТ СО ТЕЧНАТА СОДРЖИНА ОД КАПСУЛАТА ВО МАМКАТА, ПОНЕСЕТЕ ЈА МАМКАТА СО СЕБЕ ПРИДРЖУВАЈЌИ СЕ ДО СИТЕ МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ И ВЕДНАШ ПОЈДЕТЕ КАЈ ВАШИОТ МАТИЧЕН ЛЕКАР**

## ВАЖНО!

**ВАКЦИНИРАЈТЕ ГИ ВАШИТЕ МИЛЕНИЧИЊА! ЗАШТИТУВАЈЌИ ГИ НИВ, СЕ ЗАШТИТУВАТЕ И СЕБЕ СИ.**

**ИНФОРМИРАЈТЕ ГИ ЛУЃЕТО, ОСОБЕНО ДЕЦАТА ДЕКА:**

- БЕСНИЛОТО Е ФАТАЛНА БОЛЕСТ КАЈ ЖИВОТНИТЕ И ЛУЃЕТО
- МЕСТОТО НА КАСНУВАЊЕ ИЛИ ГРЕБНУВАЊЕ ОД ЖИВОТНО ТРЕБА ВЕДНАШ ДА СЕ ИЗМИЕ СО МНОГУ САПУН И ВОДА
- БЕСНИЛОТО МОЖЕ ДА СЕ СПРЕЧИ СО ВАКЦИНАЦИЈА
- НЕ ТРЕБА ДА СЕ ДОПИРААТ ДИВИ ИЛИ НЕПОЗНАТИ ДОМАШНИ ЖИВОТНИ
- ТРЕБА ДА СЕ ИЗБЕГНУВА КОНТАКТ СО ВАКЦИНАЛНИТЕ МАМКИ
- ВО СЛУЧАЈ НА РИЗИЧЕН КОНТАКТ, ТРЕБА ВЕДНАШ ДА СЕ ПОЈДЕ НА ЛЕКАР

**АКО СЕ СОМНЕВАТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ НА:**

# 0800 32222

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на AESA Consortium и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.

ЗДРАВИ ЖИВОТНИ
ЗДРАВИ ЛУЃЕ

# ПРЕВЕНЦИЈА ОД БЕСНИЛО КАЈ ЛУЃЕТО!



Градење на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на ЕУ Acquis

Проектот е финансиран од Европската Унија

Проектот е имплементиран од AESA Consortium

Корисник и партнер на проектот е АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

## БЕСНИЛО - ПРЕВЕНЦИЈА КАЈ ЛУЃЕ

БЕСНИЛОТО е смртоносна болест, но со помош на вакцина, болеста и смртта можат да се спречат.
Вирусот ги напаѓа нервните клетки на местото каснато од бесно животно, по што патува до мозокот и предизвикува воспаление и нарушување на мозочните функции. Никој не преживеал воспаление на мозокот предизвикано од беснило, но доколку навремено и соодветно се третирате по ризичниот контакт, појавата на болеста се спречува со 100% сигурност.



## ОРАЛНА ВАКЦИНАЦИЈА НА ЛИСИЦИТЕ

Главен носител на болеста во Европа е ЛИСИЦАТА која може да ги зарази сите диви и домашни цицачи, особено мачките и кучињата.



Во Источна Европа беснилото кај лисиците е широко распространето, додека во Западна Европа беснилото е елиминирано со имунизација на лисиците со ОРАЛНА ВАКЦИНА.



**Во мај 2011 година започнува ОРАЛНАТА ВАКЦИНАЦИЈА НА ЛИСИЦИТЕ ПРОТИВ БЕСНИЛО, со фрлање на вакцинални мамки на целата територија на нашата држава од авиони.**



**Вакциналните мамки се кафени по боја (личат на чоколадни коцки), направени се од смеса со рибино брашно и имаат мирис на риба, што ги привлекува лисиците и делува одбивно на луѓето. Во мамките е сместен пластичен контејнер со вакцина во течна состојба која содржи ослабен вирус на беснило.**

## ШТО ПРЕТСТАВУВА РИЗИЧЕН КОНТАКТ?

Вирусот е во плунката на бесното животно и може да се пренесе на човекот преку:

- Гребење или каснување од куче, мачка, ЛИСИЦА или друго животно
- Лижење на постоечка рана на кожа и слузокожа

Ризик може да претставува и контакт на течната содржина на мамката со рана на кожата или слузокожата...

**АКО МАМКАТА Е ЦЕЛА И НЕОШТЕТЕНА И НЕ ПОСТОИ НИКАКОВ КОНТАКТ СО ТЕЧНОСТА ОД КАПСУЛАТА ВО МАМКАТА - НЕ ПОСТОИ РИЗИК ОД ИНФЕКЦИЈА.**

## КАКО МОЖЕ ДА СЕ СПРЕЧИ ИНФЕКЦИЈА СО ВИРУСОТ НА БЕСНИЛО?

Доколку сте имале ризичен контакт, вирусот треба веднаш да се убие или неутрализира пред да ги нападне нервните клетки.

**ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПОСТАПКА:**

1. Темелно измивајте ја раната со многу сапун и вода, најмалку 5 минути.
2. Веднаш појдете кај МАТИЧНИОТ ЛЕКАР, кој ќе процени дали е потребен третман против беснило!

